ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-3361/1
15.07.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 58 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), членови 55 и 56 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 39 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 70, член 73 и член 74 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 14/20, 215/21 и 99/22), Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.313/20), Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/14), Кодекс на административни службеници („Службен весник на РМ број 183/14“), Кодекс на однесување за вработените во Општина Центар-Скопје број 09-2911/1 од 12.06.2024 година, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за спречување на корупција и судир на интереси во однос на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина-Центар Скопје, јавните претпријатија и јавните институции и други правни лица основани од Општина Центар-Скопје
## -Антикорупциски правилник-

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Правилник се уредува начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Центар-Скопје, јавните претпријатија и јавните институции основани од Општина Центар-Скопје (образовни и културни институции) и други правни лица основани од Општина Центар-Скопје во остварувањето на надлежностите.

### Член 2

(1) Одредбите од овој Правилник се однесуваат на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, Секретарот на Општина Центар-Скопје, Претседателот и советниците во Советот на Општина Центар-Скопје, Директорите, претседателите и членовите на органите на управување, (во понатамошниот текст: „избрани и именувани лица").

(2) Одредбите од овој Правилник се однесуваат на административните службеници, останатите вработени во Општина Центар-Скопје, јавните претпријатија, институции и други правни лица основани од страна на Општина Центар-Скопје, согласно соодветниот акт за систематизација на работни места, на привремено вработени преку приватни агенции за вработување, како и волонтери (во понатамошниот текст: „вработени лица").

### Член 3

(1) Во Општина Центар-Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, може да се примаат подароци само под услови и на начин утврдени со закон.

(2) Прифаќањето и давањето на подароци, погодности и гостопримства во рамките на службената должност, може да претставува ризик за личниот и институционалниот интегритет и да доведе до создавање на реален, потенцијален или привиден судир на интереси и нарушен личен и институционален углед.

(3) Несоодветното постапување со подароците, погодностите и гостопримствата може да доведе до негативни индивидуални и институционални последици во Општина Центар-Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

(4) Примањето на подароци спротивно на закон е квалификација на повеќе кривични дела утврдени во Кривичниот законик.

## II. ЗНАЧЕЊЕ НА ИЗРАЗИТЕ

### Член 4

(1) Под поимот подарок се подразбира придобивка која има одредена вредност и се нуди на и/или се прима од избраните и именуваните лица и вработените лица во рамките на должностите и надлежностите што ги вршат.

(2) Подарокот утврден во став 1 на овој член може да се појави во повеќе форми, односно може да биде материјално добро (во форма на недвижни ствари и движни ствари) или нематеријално добро, како отстапување на некое право, отпис на долг или преземање на долг без или со несоодветен надомест.

(3) Подарок примен од избраните и именуваните лица и вработените лица од роднина, пријател или член на семејството, во приватно својство, односно надвор од службата која ја врши, во согласност со вообичаените општествени обичаи (подарок за роденден, склучен брак, верски празник, итн.) или симболичен подарок како вид на признание за стручно завршена работа, постигнат професионален успех или пензионирање не се дефинира како подарок.

**Член 5**

(1) Под поимот погодност се подразбира нематеријално добро кое вклучува повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, понуди за работа, покани за присуство на спортски и други настани со забавен карактер кои носат лична придобивка за избраните и именуваните лица и вработените лица.

**Член 6**

(1) Под поимот гостопримство се подразбира нудење и прифаќање на покани за приеми, учества и патувања, деловни и други официјални настани, деловни патувања и сместување, учества на конференции, деловни ручеци како и давање на други слични услуги.

## III. НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ИЗБРАНИТЕ И ИМЕНУВАНИТЕ ЛИЦА СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА

### А) Начин на постапување со подароци

**Член 7**

(1)Избраните и именуваните лица утврдени во член 2 став 1 на овој Правилник не смеат да ја користат својата функција заради остварување на имотна, финансиска или друга корист за себе или за друг, како и да бараат и да примаат подароци за вршење на својата функција.

**Член 8**

(1)Избраните и именуваните лица може во име на Општина Центар-Скопје, односно во име на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, да даваат подароци од домашно производство во износ не поголем од 100 евра во денарска противвредност, според среден курс на НБРСМ на денот на набавката на подарокот, на начин и постапка утврдена со закон, подзаконски акти и овој Правилник.

(2) Како подароци не може да се даваат предмети што имаат културно, историско и археолошко значење и вредност за Република Северна Македонија и Општина Центар-Скопје, односно за правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, а кои се заштитени со закон.

## Член 9

(1)Во случај кога избраните и именуваните лица примаат подарок од претставници на странска држава, орган, институција или меѓународна организација во знак на соработка, благодарност или почит може да го задржат во сопственост, како личен дар доколку вредноста на примениот пригоден подарок не ја надминува вредноста од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ на денот на примање на подарокот.

(2) Примениот пригоден подарок од домашни физички и правни лица кој избраните и именуваните лица го примиле во знак на соработка, благодарност или почит може да го задржат во сопственост, како личен дар, доколку вредноста на примениот пригоден подарок не ја надминува вредноста од 20 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ.

(3) Подарокот чија вредност ја надминува вредноста утврдена во ставовите 1 и 2 на овој член може да биде задржан во сопственост како личен дар, доколку избраните и именуваните лица ја доплатат разликата до вредноста на подарокот утврдена согласно член 10 став 3 од овој Правилник, на сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје, односно на сметка на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

(4) Избраните и именуваните лица кои примиле подарок на начин утврден во став 1 и став 2 на овој член, односно постапиле на начин утврден во став 3 на овој член, имаат обврска писмено да го известат Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, а Градоначалникот да го извести Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, со цел да го запазат принципот на транспарентност во постапувањето со подароците.

(5) Во случај на примање на дозволени подароци, избраните и именуваните лица се должни да ја проценат и да ја земат во предвид намерата со која им е понуден подарокот, со цел да не се доведат во ситуација да им се влијае на непристрасното и професионално работење.

## Член 10

(1) Избраните и именуваните лица може да примаат подароци кои по примањето стануваат ствари во сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, освен подароците кои стануваат личен дар, согласно закон и подзаконски акти.

(2) Избраните и именуваните лица се должни по пријавување на примените подароци, да обезбедат нивна проценка.

(3) Проценката на примените подароци ја вршат овластени проценители согласно Законот за процена и истата се евидентира како сметководствена вредност на стварта.

**Член 11**

(1)Избраните и именуваните лица не смеат да примаат подароци од поранешни и/или постојни физички и правни лица со кои биле односно се во договорни или други поврзани политички и финансиски односи со Општина Центар-Скопје, односно со правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, ниту пак од економски оператори кои доставиле понуди при актуелни постапки за јавни набавки, со цел да не се наруши личниот и институционалниот интегритет, но и да не се влијае на објективноста, непристрасноста и професионалноста во работењето и одлучувањето во Општина Центар-Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

**Член 12**

(1)Избраните и именуваните лица имаат обврска да овластат лице во Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, кое ќе води евиденција на примените подароци и ќе се грижи за прием, складирање и чување на подароците (во натамошниот текст: овластено лице за подароци).

**Член 13**

(1) Избраните и именуваните лица имаат обврска во рок од 8 дена од приемот на подарокот да го пријават и да го предадат примениот подарок на овластеното лице за подароци.

(2) Пријавата за примен подарок треба да ги содржи следните податоци:
- име и презиме на примателот на подарокот,
- функцијата која ја извршува,
- назив на органот во кој ја врши избраната и/или именувана функција,
- име и презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице или органот, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган),
- датум на прием на подарокот,
- поводот за врачување на подарокот,
- опис на подарокот,
- во чија сопственост ќе биде подарокот (приватна - личен подарок или на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник),
- датум на предавање на подарокот на органот (доколку примателот на подарокот одлучи дека подарокот ќе стане ствар во сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник),
- вредност на подарокот,
- место и датум на поднесување на пријавата за примен подарокот,
- потпис на примателот на подарокот и
- печат и потпис на одговорното лице на органот од ставот 1 на овој член.

(3) Формата и содржината на Образецот за Пријавата од ставот (2) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник.

**Член 14**

(1)Овластеното лице за подароци на Општина Центар-Скопје при Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, води евиденција на подароци примени од избраните и именуваните лица, врз основа на пријавите за примени подароци, која евиденција ги содржи следниве податоци:

- име, презиме и адреса на избраното и именуваното лице кое примило подарок, должноста која ја извршувало во моментот на примање на подарокот;
- име, презиме и адреса на дарителот, односно име и седиште на државниот орган или правното лице;
- опис на подарокот;
- проценета вредност на подарокот;
- датум на дарување;
- во чија сопственост ќе биде подарокот (лична или во сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник);
- датум на предавање на подарокот на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

(2) Формата и содржината на Образецот за Евиденцијата на примените подароци од избраните и именуваните лица од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој Правилник.

**Член 15**

(1) Овластеното лице за подароци има обврска до Секторот за финансиски прашања на Општина Центар-Скопје, односно до соодветниот сектор на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, да достави копија од листата од евиденцијата за примените подароци утврдена во член 14 став 1 од овој Правилник, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(2) Овластеното лице за подароци, има обврска до Државната комисија за спречување на корупција да достави копија од листата од евиденцијата за примените подароци од избраните и именуваните лица, најдоцна до 31-ви март во тековната година за претходната година, со цел внесување на податоците од евиденцијата во Каталогот на подароци.

**Член 16**

(1)Доколку примениот подарок од страна на избраните и именуваните лица стане сопственост на Општина Центар-Скопје или на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, а истиот има употребна вредност, Општина Центар-Скопје, односно правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, може да го користи за извршување на работите од својата надлежност, за што Градоначалникот, односно раководното лице на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, носи одлука.

(2) Примените подароци кои не можат да се користат во смисла на став 1 од овој член, Општина Центар-Скопје, односно правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, е должно да ги складира, чува или изложува на соодветно место.

(3) За постапување согласно став 2 на овој член, Општина Центар-Скопје, односно правните лица основани од Општината согласно член 1 од овој Правилник, обезбедуваат посебни простории или изложбени витрини, во кои ќе имаат пристап Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, Секретарот, односно раководното лице во правното лице основано од Општина Центар-Скопје и овластеното лице за евиденција на пријави за подароци примени од страна на избраните и именуваните лица, кои треба да се грижат за одржување и проверка на состојбата на подароците, односно да се обезбеди посебен простор за нивно изложување доколку се работи за подароци од уметничко, културно или историско значење.

**Б) Начин на постапување со погодности**

**Член 17**

(1)Избраните и именуваните лица од член 2 став 1 на овој Правилник не смеат да прифатат било каква погодност во вршење на својата служба, а доколку добијат понуда за погодност, истата треба веднаш да ја одбијат и за тоа писмено да го известат Градоначалникот или Секретарот на Општина Центар-Скопје.

(2) Во смисла на став 1 од овој член, избраните и именуваните лица не смеат да прифатат нематеријално добро кое вклучува повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, понуди за работа, покани на спортски и други настани со забавен карактер кои им носат лични придобивки.

**В) Начин на постапување со гостопримства**

**Член 18**

(1)Начинот на постапувањето на избраните и именувате лица утврдени во член 2 став 1 од овој Правилник со давање и прифаќање на гостопримства треба да се заснова на принципот на разумност и транспарентност.

(2) При постапувањето утврдено во став 1 на овој член, лицата од став 1 на овој член имаат обврска:

- да се однесуваат примерно и достоинствено;
- да избегнуваат секакво однесување кое би ги довело во прашање угледот и довербата на Општина Центар-Скопје и на правните лица основани од Општината согласно член 1 од овој Правилник;
- да избегнуваат дејствија и активности кои се во судир со етичките норми и кои би можеле да бидат причина за нивна или туѓа лична уцена со цел да се влијае врз непристрасното и професионално одлучување во службата;
- да внимаваат да не го доведат во прашање личниот и институционалниот углед, доколку прифатат гостопримство, без оглед на малата вредност на понудата;
- во случајот утврден во алинеја 4 на овој став, да проценат дали постојаното неприфаќање на понудите за гостопримство може да го навреди лицето, што исто така нема да остави добар впечаток за Општина Центар-Скопје и за правните лица основани од Општината согласно член 1 од овој Правилник;
- разумно да проценат дали треба да ја прифатат секоја покана на работилница, трибина или семинар организирани од институции, организации или асоцијации поврзани со нивната професија, односно да направат оправдана проценка дали прифаќањето на поканата може да даде придонес за нивната професија и работењето или истите треба да ја одбијат за да не го доведат во прашање својот интегритет, да го известат Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, и по донесен заклучок да ја прифатат или одбијат поканата;
- да ја почитуваат финансиската дисциплина за трошење на буџетските средства, правилно да управуваат со нив, односно да не превземаат дејствија за ненаменско трошење на буџетските средства, во случај на давање или прифаќање на гостопримство;
- да превенираат тајно и нетранспарентно давање и прифаќање на гостопримство, односно да се спротивстават на секаков обид на нудење односно прифаќање на гостопримство сторено на дискретен и нетранспарентен начин;
- да го известат Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, за секој случај кога им е понудено гостопримство и за постапувањето по однос на истото, и
- да го известат Градоначалникот, односно Секретарот на Општина Центар-Скопје, да ја образложат и оправдаат потребата од нудење на гостопримство во име на Општина Центар-Скопје, да наведат проценета вредност на гостопримството и по донесено одобрение од Градоначалникот и/или Секретарот на Општина Центар-Скопје, можат да го понудат гостопримството.

## IV. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА ОД СТРАНА НА ИЗБРАНИТЕ И ИМЕНУВАНИТЕ ЛИЦА

**Член 19**

(1)Во случај на непочитување на одредбите за постапување со подароци, погодности и гостопримства од страна на избраните и именуваните лица, ќе се спроведува постапка за соодветна одговорност утврдена во законите, подзаконските акти односно Етичкиот кодекс.

**Член 20**

(1)Доколку избраните и именуваните лица постапуваат со подароците, погодностите и гостопримствата спротивно на законот, подзаконските акти и овој правилник и со таквото постапување сторат прекршок и/или кривично дело, ќе сносат одговорност на начин и во постапка утврдена со закон.

**Член 21**

(1)Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок, не ја исклучува етичката одговорност на избраните и именуваните лица.

## V. НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА

### А) Начин на постапување со подароци

**Член 22**

(1)Вработените лица утврдени во член 2 став 2 од овој Правилник не може и не смеат да даваат и да примаат подароци освен протоколарни подароци, односно подароци примени од страна на службени лица или од меѓународни организации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности и повремени подароци од ниска вредност.

**Член 23**

(1)Вработените лица не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност.

(2) Подароци од пониска вредност се оние подароци што не ја надминуваат вредноста од 1.000 денари или подароци добиени од иста личност чијашто вкупна вредност не надминува 3.000 денари во дадена година.

(3) Протоколарни подароци се подароци примени од страна на службени лица или од меѓународни организации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности.

(4) Забраната и ограничувањата утврдени во ставот (1), (2) и (3) на овој член, исто така се однесуваат и на брачните другари на вработените лица, на лица кои живеат заедно со вработените лица во вонбрачна заедница, на нивните деца, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

(5) Вработените лица се обврзани да ги предупредат дарителите дека подароците што ја надминуваат вредноста изнесена во ставот (2) на овој член станувaат сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правните лица основани од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

(6) Во случај дарителот да инсистира на примање на подарок вработените лица се обврзани да го доставaт подарокот до Општина Центар-Скопје, односно до правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

(7) Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденцијата на подароци.

(8) Вработените лица имаат обврска да ги пријават и подароците во случај кога приматели на подарокот се лицата утврдени во став (4) на овој член.

**Член 24**

(1)Одредбите предвидени во член 10, член 11 и член 12 од овој Правилник, што се однесуваат на примањето подароци од страна на избраните и именуваните лица и евиденција на истите соодветно се применуваат и на вработените лица.

**Член 25**

(1)Вработените лица кои примиле подарок, најдоцна во период од 2 работни дена од денот на примањето го пријавуваат кај овластеното лице за подароци и веднаш по поднесувањето на пријавата го доставуваат до Општина Центар-Скопје, односно до правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

(2)Пријавувањето на подароците се врши со пополнување на Образец - Пријава за евидентирање на примени подароци од страна на вработените лица.

(3)Пријавата од став (2) на овој член содржи:
-податоци за називот на институцијата во која е вработен примателот,
-име и презиме на дарителот на подарокот,
-име и презиме на примателот на подарокот,
-поводот поради кој е примен подарокот,
-видот/опис на подарокот,
-вредноста на подарокот и
-датумот на примањето на подарокот.

(4) Вредноста на подарокот се утврдува врз основа на пазарната цена на тековниот подарок.

ул. Михаил Цоков бр.1 , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

(5) Формата и содржината на Образецот за Пријавата од ставот (3) на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој Правилник.

**Член 26**

(1)Секој примен подарок од вработените лица се евидентира во евиденцијата на подароци дадена во Прилог 4 кој е составен дел на овој Правилник, од страна на овластеното лице за подароци.

(2) Во евиденцијата на подароци овластеното лице за подароци ги внесува податоците за примените подароци содржани во доставената пријава за примени подароци, како и податоци за начинот на понатамошно чување, складирање и располагање со подароците кои станале сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

(3) Овластеното лице за подароци евиденцијата за подароци може да ја води во електронска и/или хартиена форма.

(4) Овластеното лице за подароци во Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник ги внесува податоците во евиденцијата на подароци истиот ден кога примателот на подарокот ќе ја достави пријавата.

(5) Евиденцијата на подароци се ажурира по потреба во делот на податоците за статусот на подарокот, односно местото и начинот на чување, складирање и изложување.

(6) При внесување на податоците во евиденцијата, овластеното лице за подароци во Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник внимава на вредноста на подароците кои примателот ги примил од исто лице во текот на годината.

**Член 27**

(1)Овластеното лице за подароци кое води евиденција на примените подароци од вработените лица во Општина Центар-Скопје, има обврска до Секторот за финансиски прашања на Општина Центар-Скопје, да достави копија од листата од евиденцијата за примените подароци од вработените лица, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(2)Овластеното лице за подароци кое води евиденција на примените подароци од вработените лица во правното лице основано од Општина Центар-Скопје, има обврска до соодветниот сектор во правното лице, да достави копија од листата од евиденцијата за примените подароци од вработените лица, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(3) Овластеното лице за подароци има обврска до Државната комисија за спречување на корупција да достави копија и од листата од евиденцијата за примените подароци од вработените лица, најдоцна до 31-ви март во тековната година за претходната година, со цел внесување на податоците од евиденцијата во Каталогот на подароци.

**Член 28**

(1) Овластеното лице за подароци се грижи за одржување и проверка на состојбата на подароците.

(2) Во случај кога е примен подарок кој може да се користи од Општина Центар-Скопје, односно од страна на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, за реализација на нејзините законски надлежности, истиот може да се користи од страна на Општина Центар-Скопје, односно од страна на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник.

(3) Доколку димензиите и бројот на подарените подароци, примени од страна на вработените лице, кои станале сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, тоа го дозволуваат, истите можат да се чуваат во ормар обезбеден со клуч.

(4) Во случај кога се работи за подарок, кој не може да се користи од Општина Центар-Скопје, односно од правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, за реализација на нејзините законски надлежности, истиот треба да се отуѓи согласно закон.

(5)Примените подароци од страна на вработените лица кои станале сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, сè до завршувањето на постапката за отуѓување, привремено се чуваат во посебна просторија во Општина Центар-Скопје, односно во правните лица основани од Општина Центар-Скопје, во која пристап имаат Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, Секретарот на Општина Центар-Скопје, односно раководното лице на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник и овластеното лице за подароци.

**Б) Начин на постапување со погодности**

**Член 29**

(1)Вработените лица од член 2 став 2 на овој Правилник не смеат да прифатат било каква погодност во вршење на својата служба, а доколку добијат понуда за погодност, истата треба веднаш да ја одбијат и за тоа писмено да го известат непосредно претпоставеното лице, односно Градоначалникот или Секретарот на Општина Центар-Скопје, а во правните лица основани од Општина Центар-Скопје непосредно претпоставеното лице, односно раководното лице.

**В) Начин на постапување со гостопримства**

**Член 30**

(1) Вработените лица утврдени во член 2 став 2 од овој Правилник не смеат да понудат гостопримство на странка или деловен партнер, освен доколку за тоа немаат овластување од Градоначалникот и/или Секретарот на Општина Центар-Скопје, односно од раководното лице на правното лице основано од Општина Центар-Скопје согласно член 1 од овој Правилник, во рамките на своите надлежности.

(2) Вработените лица утврдени од став 1 на овој член не смеат да прифатат понуда за гостопримство, освен доколку за тоа има писмено одобрување од непосредно претпоставеното лице односно Градоначалникот и/или Секретарот на Општина Центар-Скопје, односно од раководното лице на правното лице основано од Општина Центар-Скопје согласно член 1 од овој Правилник.

(3) При постапувањето со гостопримството, односно при прифаќање на понудата за гостопримство, вработените лица имаат обврска:

- да се однесуваат примерно и достоинствено;
- со својот личен пример да ги промовираат вредностите како вистинитост, чесност и правичност;
- да го застапуваат јавниот интерес;
- да избегнуваат секакво однесување кое би го довело во прашање угледот и довербата на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник;
- да избегнуваат дејствија и активности кои се во судир со етичките норми и кои би можеле да бидат причина за негова или туѓа лична уцена со цел да се влијае врз вршењето на службата;
- да внимаваат да не го доведат во прашање личниот и институционалниот углед, доколку прифатат гостопримство, без оглед на малата вредност на гостопримството;
- да направат оправдана проценка дали прифаќањето на поканата може да даде придонес за нивната професија и работењето на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник или истите треба да ги одбијат за да не го доведат во прашање својот интегритет;
- да ја почитуваат процедурата за финансиска дисциплина за трошење на буџетските средства на соодветниот орган или институција, односно да не превземаат дејствија за ненаменско трошење на буџетските средства, во случај на давање или прифаќање на гостопримство;
- да се спротивстават на тајно и нетранспарентно нудење и прифаќање на гостопримство, односно да се спротивстават на секаков обид на нудење односно прифаќање на гостопримство сторено на дискретен и нетранспарентен начин;
- да го известат непосредно претпоставеното лице и/или Секретарот на Општина Центар-Скопје, односно непосредно претпоставеното лице и/или раководното лице на соодветното правно лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник, за секој случај кога му било понудено гостопримство и за постапувањето по однос на истиот.

## VI. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА

### Член 31

(1)Непочитување на одредбите за постапување по овој Правилник од страна на вработените лица, претставува потешка повреда на работната дисциплина-дисциплински престап која подлежи на постапка за утврдување на дисциплкинска одговорност во согласност со Законот за административни службеници.

### Член 32

(1)Доколку вработените лица кои постапуваат со подароците, погодностите и гостопримствата спротивно на законот, подзаконските акти и овие правила и со таквото постапување сторат прекршок и/или кривично дело, истите ќе сносат одговорност на начин и во постапка утврдена со закон.

### Член 33

(1)Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок, не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработените лица.

## VII.ПРИЈАВУВАЊЕ НА НЕПРАВИЛНОСТИ ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА

### Член 34

(1)Во случај кога избраните и именуваните лица и вработените лица имаат сознанија за постоење на неправилности при постапување со подароци, погодности и гостопримства, истите треба да го известат назначеното лице за интегритет.

(2) Доколку назначното лице за интегритет процени дека има елементи на постоење на неправилности при постапување со подароци, погодности и гостопримства од страна на лицата утврдени во став 1 на овој член, истото може да постапи во согласност со Законот за заштита на укажувачи.

### Член 35

(1)Во случај кога избраните и именуваните лица и вработените лица имаат сознанија за понуда на подарок, погодност и/или гостопримство на начин што претставува квалификација на кривично дело утврдено со Кривичниот законик, истите треба да пријават до надлежни органи утврдени со закон и да го известат назначеното лице за интегритет.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 36

(1)Доколку избраните и именуваните лица и вработените лица се соочат со прашања односно ситуации кои не се опфатени во овие правила или доколку имаат потреба од советување во врска со третманот и/или постапувањето со подароците, погодностите или гостопримствата, треба да се обратат до нивните непосредно претпоставени лица и до назначеното лице за интегритет.

### Член 37

(1)Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

(2) Овој Правилник ќе се објави на веб страницата на Општина Центар-Скопје и веб страниците на јавните претпријатија и јавните институции основани од Општина Центар-Скопје (образовни и културни институции) и други правни лица основани од Општина Центар-Скопје.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Горан Герасимовски**

Изработиле: И.Белазелкоска
Ј.Танчева
Контролирал: С.Танчева
Одобрил: О.Лазоски
Согласен: Георги Трајчев

ул. Михаил Цоков бр.1 , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

**Прилог 1 – Образец за пријавување на подарок на избраните и именуваните лица**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРИЈАВА ЗА ПРИМЕН ПОДАРОК** | | | |
| Пополнува примателот (избраното/именуваното лице) на подарокот | | | |
| 1. | Име и презиме | | |
| 2. | Функција | | |
| 3. | Назив на органот во кој ја врши функцијата | | |
| 4. | Име и презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице или органот, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган) | | |
| 5. | Датум на прием на подарокот | | |
| 6. | Повод за врачување на подарокот | | |
| 7. | Опис на подарокот | | |
| 8. | Во чија сопственост ќе биде подарокот | Приватна – личен подарок | Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник. |
| 9. | Датум на предавање на подарокот на органот (доколку примателот на подарокот одлучи дека подарокот ќе стане ствар во сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник. | | |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Вредност на подарокот | |
| Прымател на подаркот е одговорен за точноста на податоците | | |
| Место | | |
| Датум | | |

Потпис на прымателот на подарок　　　　МП　　　　Потпис на овластеното лице

____________________________　　　　　　　____________________________

## ПРИЛОГ 2 – ОБРАЗЕЦ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОДАРОЦИ ПРИМЕНИ ОД ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО ОПШТИНАТА ВО _______ ГОДИНА

| Р.бр. | Име, презиме и адреса на примателот на подарокот | Должноста која ја извршува примателот на подарокот во моментот на примањето на подарокот | Име, презиме и адреса на дарителот/Име и седиште на државен орган или правно лице-дарители | Опис на подарокот | Проценета вредност на подарокот | Датум на дарување | Сопственост на подарокот<br><br>Лична/Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник | Датум на предавање на подарокот на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Скопје____.______.________година

Овластено лице за прием на подароци,

Име и презиме

Потпис

____________________

**Прилог 3 – Образец за пријавување на подарок на вработените лица**

| | | |
|---|---|---|
| **ПРИЈАВА ЗА ПРИМЕН ПОДАРОК** | | |
| Пополнува примателот на подарокот | | |
| 1. | Назив на институција | |
| 2. | Име и презиме на вработеното лице | |
| 3. | Работно место на кое е распоредено вработеното лице | |
| 4. | Примател на подарокот: вработеното лице/брачен другар на вработеното лце/лице во вонбрачна заедница со вработеното лице/деца/родители и лица кои живеат во исто домаќинство (да се заокружи кој е примател на подарокот и да се наведе име и презиме на блиското лице кое е примател на подарокот) | |
| 5. | Име и презиме и адреса на дарителот на подарокот (назив и седиште на правното лице или орган, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган) | |
| 6. | Дата на прием на подарокот | |
| 7. | Повод поради кој е примен подарокот | |
| 8. | Вид/опис на подарокот | |
| 9. | Датум на предавање на подарокот на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник | |
| 10. | Вредност на подарокот | |
| Примател на подаркот е одговорен за точноста на податоците | | |

| | |
|---|---|
| Место | |
| Датум | |

Потпис на примателот на подарок МП Потпис на овластеното лице

______________________________ ______________________________

**ПРИЛОГ 4 – ОБРАЗЕЦ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОДАРОЦИ ПРИМЕНИ ОД ВРАБОТЕНИ ЛИЦА В0 ОПШТИНАТА ВО ___________ ГОДИНА**

| Р. бр. | Назив на институцијата | Име и презиме на вработеното лице - примателот на подарокот | Работно место | Име и презиме на блиското лице на вработеното лице-доколку примателот на подарокот е блиското лице | Сродство брачен другар/лице од вонбрачна заедница/дете/родител/лице кое живее во исто домаќинство со вработениот | Име и презиме и адреса на дарителот на подарокот/Назив и седиште на правното лице или орган доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган | Датум на прием на подарокот | Повод за примање на подарокот | Вид/опис на подарокот | Вредност на подарокот | Сопственост на подарокот Лична/сопственост на Општина Центар-Скопје, односно на правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник | Статус на подарокот Се чува во Општина Центар-Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник /Се складира во Општина Центар –Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник /Се изложува во Општина Центар–Скопје, односно во правното лице основано од Општината согласно член 1 од овој Правилник (кат) /Се располага со стварта (за кои потреби и кој располага) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

Скопје____.______.________година

Овластено лице за прием на подароци,
Име и презиме
Потпис

___________________